**20181262454**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Врз основа на член 39-а став 8 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016), министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРЕГЛЕДИТЕ ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНИТЕ АМБУЛАНТИ И НА ДАВАЊЕТО НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНИТЕ УСЛУГИ СО КОРИСТЕЊЕ НА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ВО МРЕЖАТА НА СЕКУНДАРНО И ТЕРЦИЈАРНО НИВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со овој правилник се утврдува времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема , врз основа на видот на специјалноста на здравствениот работник кој ја дава специјалистичко-консултативната услуга, видот на медицинска опрема, како и нивото на здравствена дејност кое го врши здравствената установа.

Член 2

Прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти по специјалност и супспецијалност за кои во установата нема болничка здравствена заштита за соодветната специјалност се вршат со времетраење дадено во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник. .

Прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти по специјалност и супспецијалност за кои во установата има болничка здравствена заштита за соодветната специјалност на секундарно ниво на здравствена заштита се вршат со времетраење дадено во Прилог број 2, кој е составен дел на овој правилник.

Прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти по специјалност и супспецијалност за кои во установата има болничка здравствена заштита за соодветната специјалност на терциерно ниво на здравствена заштита ќе се вршат со времетраење дадено во Прилог број 3, кој е составен дел на овој правилник.

Специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема ќе се даваат со времетраење дадено во Прилог број 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Времетраењето на прегледите во специјалистичко-консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема е предвидено како времетраење на преглед во рамки на една смена во текот на работното време на специјалистичко-консултативната амбуланта, односно на дијагностичкиот кабинет, кои треба да ги изврши, односно даде здравствениот работник кој ја дава специјалистичко-консултативната услуга.

Член 4

Календарот на активности кој согласно Законот за здравствената заштита се определува однапред, најрано до десетиот ден во тековниот месец за следниот месец, медицинскиот директор на здравствената установа во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на

здравствена заштита го определува поединечно за секој здравствен работник кој дава специјалистичко-консултативни услуги во здравствената установа, врз основа на времетраењето на работното време на една смена на специјалистичко-консултативната амбуланта и на дијагностичкиот кабинет во кои работата е организирана во смени.

Времетраењето на една смена на специјалистичко-консултативната амбуланта и на дијагностичкиот кабинет е искажано во вкупно времетраење, се однесува само на прегледи за кои е дефиниран термин во календар на активности во интегрираниот здравствен информатички систем и не ги опфаќа контролните прегледи или прегледите без закажан термин.

Времетраењето на работното време на една смена на специјалистичко-консултативната амбуланта и на дијагностичкиот кабинет се намалува сразмерно со ослободувањата и ограничувања на работата кои се одобрени поради специфичност на работното место и штетното влијание врз здравјето, односно работната способност на здравствениот работник, утврдени во согласност со прописите од пензиското и инвалидското осигурување (инвалидност), прописите за здравствено осигурување (медицинска рехабилитација) или други прописи (родителски обврски, степен на изложеност на зрачење, старост на здравствениот работник, вршење на научно-истражувачка дејност, неисправност на медицинска опрема, боледувања, едукации и друго.) Во овој случај со календарот на активности се определени помал број на прегледи во специјалистичко-консултативните амбуланти и специјалистичко-консултативните услуги со користење на медицинска опрема.

Измените и дополнувањата на календарот на активности поради поради променети околности, се вршат не подоцна од пет работни дена од денот на настанувањето на променетата околност.

Спроведувањето на календарот на активности и степенот на негова реализација се следи врз основа на кварталните извештаи кои медицинскиот директор на здравствената установа во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита ги доставува до Министерството за здравство на квартално ниво, најдоцна до 15-ти во месецот по истекот на кварталот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот ќе се објави на веб страницата на Министерството за здравство и во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-4661/3
6 јули 2018 година
Скопје

Министер,
доц. д-р **Венко Филипче**, с.р.

**Прилог број 1**

**Специјалистичко – консултативни прегледи во амбуланти по специјалност/супспецијалност за кои во установата нема болничка здравствена заштита за соодветната специјалност**

| Специјалност/супспецијалност | Времетраење на смена на амбуланта во часови | Времетраење на преглед |
|---|---|---|
| Дерматовенерологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Интерна медицина | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Медицина на трудот | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Неврологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Невропсихијатрија | 6 часа и 30 минути | 25 |
| Нуклеарна медицина | 6 часа и 30 минути | 15 |
| Ортопедија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Оториноларингологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Офталмологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Пнеумофтизиологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Психијатрија | 6 часа и 30 минути | 25 |
| Спортска медицина | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Трансфузиона медицина | 6 часа и 30 минути | 15 |
| Физикална и рехабилитациона медицина | 6 часа и 30 минути | 20 |

***Времетраење на смена на амбуланта во часови се однесува само на прегледи за кои е дефиниран термин во календар на активности во интегрираниот здравствен информатички систем (не се однесува на контролни прегледи или прегледи без термин)***

**Прилог број 2**

**Специјалистичко – консултативни прегледи во амбуланти по специјалност/ супспецијалност за кои во установата има болничка здравствена заштита за соодветната специјалност на секундарно ниво на здравствена заштита**

| Специјалност/супспецијалност | Времетраење на смена на амбуланта во часови | Времетраење на преглед |
|---|---|---|
| Акушерство и гинекологија | 6 часа и 30 минути | 25 |
| Анестезиологија со интезивно лекување | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Васкуларна хирургија | 6 часа | 25 |
| Гастроентерохепатологија | 6 часа и 30 минути | 25 |
| Градна хирургија | 6 часа | 20 |
| Дерматовенерологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Детска хирургија | 6 часа | 25 |
| Дигестивна хирургија | 6 часа | 15 |
| Ендокринологија | 6 часа и 30 минути | 15 |
| Интерна медицина | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Инфектологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Кардиологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Кардиохирургија | 6 часа | 25 |
| Максилофацијална хирургија | 6 часа | 20 |
| Неврологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Невропсихијатрија | 6 часа и 30 минути | 25 |
| Неврохирургија | 6 часа | 20 |
| Нефрологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Онкологија / Радиотерапија и онкологија | 6 часа и 30 минути | 30 |
| Општа хирургија | 6 часа | 20 |
| Ортопедија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Оториноларингологија | 6 часа и 30 минути | 15 |
| Офталмологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Педијатрија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Пластична и реконструктивна хирургија | 6 часа | 20 |
| Пнеумофтизиолог | 6 часа и 30 минути | 25 |
| Психијатрија | 6 часа и 30 минути | 25 |
| Пулмологија и респираторна алергологија | 6 часа и 30 минути | 25 |
| Ревматологија | 6 часа и 30 минути | 15 |
| Трауматологија | 6 часа | 25 |
| Урологија | 6 часа и 30 минути | 20 |
| Физикална и рехабилитациона медицина | 6 часа и 30 минути | 25 |
| Хематологија | 6 часа и 30 минути | 25 |

***Времетраење на смена на амбуланта во часови се однесува само на прегледи за кои е дефиниран термин во календар на активности во интегрираниот здравствен информатички систем (не се однесува на контролни прегледи или прегледи без термин)***

**Прилог број 3**

**Специјалистичко – консултативни прегледи во амбуланти по специјалност/ суспецијалност за кои во установата има болничка здравствена заштита за соодветната специјалност на терциерно ниво на здравствена заштита;**

| Специјалност/супспецијалност | Времетраење на смена на амбуланта во часови | Времетраење на преглед |
|---|---|---|
| Акушерство и гинекологија | 6 часа | 25 |
| Анестезиологија со интезивно лекување | 6 часа | 20 |
| Васкуларна хирургија | 5 часа | 30 |
| Гастроентерохепатологија | 6 часа | 25 |
| Градна хирургија | 5 часа | 25 |
| Дерматовенерологија | 6 часа | 20 |
| Детска хирургија | 5 часа | 25 |
| Дигестивна хирургија | 5 часа | 20 |
| Ендокринологија | 6 часа | 15 |
| Интерна медицина | 6 часа | 20 |
| Инфектологија | 6 часа | 20 |
| Кардиологија | 6 часа | 20 |
| Кардиохирургија | 5 часа | 25 |
| Максилофацијална хирургија | 6 часа | 25 |
| Неврологија | 6 часа | 20 |
| Невропсихијатрија | 6 часа | 20 |
| Неврохирургија | 5 часа | 20 |
| Нефрологија | 6 часа | 20 |
| Онкологија / Радиотерапија и онкологија | 6 часа | 30 |
| Општа хирургија | 5 часа | 20 |
| Ортопедија | 6 часа | 20 |
| Оториноларингологија | 6 часа | 20 |
| Офталмологија | 6 часа | 20 |
| Педијатрија | 6 часа | 25 |
| Пластична и реконструктивна хирургија | 5 часа | 20 |
| Пнеумофтизиолог | 6 часа | 25 |
| Психијатрија | 6 часа | 30 |
| Пулмологија и респираторна алергологија | 6 часа | 30 |
| Ревматологија | 6 часа | 20 |
| Трауматологија | 5 часа | 25 |
| Урологија | 6 часа | 20 |
| Физикална и рехабилитациона медицина | 6 часа | 25 |
| Хематологија | 6 часа | 25 |

**** Времетраење на смена на амбуланта во часови се однесува само на прегледи за кои е дефиниран термин во календар на активности во интегрираниот здравствен информатички систем (не се однесува на контролни прегледи или прегледи без термин)***

**Прилог број 4**

**Специјалистичко – консултативни прегледи за пружање услуги со користење на медицинска опрема.**

| **Специјалност/категорија** | **Времетраење на смена на дијагностичка процедура во часови** | **Времетраење на преглед** |
|---|---|---|
| Бронхоскопија | 6 часа | 60 |
| Гастроскопија | 6 часа | 30 |
| Дензитометрија | 6 часа | 20 |
| Доплер | 6 часа | 25 |
| ЕЕГ | 6 часа | 30 |
| ЕМГ | 6 часа | 50 |
| ЕХО | 6 часа | 20 |
| Ехокардиографија | 6 часа | 30 |
| Колоноскопија | 6 часа | 45 |
| Компјутерска томографија (КТ) | 6 часа | 40 |
| Коронарен стрес тест (КСТ) | 6 часа | 35 |
| Магнетна резонанца (МР) | 6 часа | 30 |
| Мамографија | 6 часа | 20 |
| Ректоскопија | 6 часа | 25 |
| РТГ | 6 часа | 15 |
| Спирометрија | 6 часа | 20 |
| Цистоскопија | 6 часа | 35 |

***Времетраење на смена на амбуланта во часови се однесува само на прегледи за кои е дефиниран термин во календар на активности во интегрираниот здравствен информатички систем (не се однесува на контролни прегледи или прегледи без термин)***